МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 08-5507/1
Датум: 03-12-2025. 2025 година

До:

Предмет: Покана за учество на Јавна расправа по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Националниот план за енергија и клима 2025-2030

Почитувани,

Ве информираме дека е изработен Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Националниот план за енергија и клима за периодот 2025–2030 година. Овој документ претставува систематски преглед на потенцијалните ефекти врз животната средина од предложените мерки и активности во Националниот план за енергија и клима и има за цел да обезбеди основа за донесување квалитетни и одржливи одлуки.

Документот е објавен на 21.11.2025 година и е достапен за јавен увид, кој ќе трае до 21.12.2025 година, со што сите заинтересирани страни имаат можност да го прегледаат, анализираат и достават свои мислења или забелешки.

Документот може да се прегледа на официјалната веб-страница на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, каде што се достапни и дополнителни информации за процесот на јавен увид и начинот на доставување предлози.

Ве покануваме да земете учество на Јавната расправа по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Националниот план за енергија и клима 2025–2030 која ќе се одржи во просториите на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на ден 9.12.2025 година со почеток во 10:00 часот. Во прилог ја доставуваме агендата за јавната расправа. Поради ограничениот капацитет на просторот, Ве замолуваме за присуство на само еден претставник од Вашата институција/компанија.

Истовремено Ве известуваме дека доколку сакате да се вклучите online, Ве молиме Вашите е-маил адреси да ги испратите до ivana.takashmanova@energy.gov.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Ви благодариме за вашиот интерес и активно учество во процесот на јавно консултирање. Вашите предлози се важен дел од донесувањето квалитетни и транспарентни одлуки за идниот развој на енергетскиот сектор.

Со почит,

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини
Сања Божиновска

Подготвил: Ивана Такашманова
Контролирал: Валентина Старделова
Одобрил: Горан Јовановски

Доставено до:

-Универзитет Св. Кирил и Методиј – Факултет за електотехника и информациски технологии, Скопје
- Универзитет Св. Кирил и Методиј – Машински факултет, Скопје
-Универзитет Свети Климент Охридски, Битола,
-Универзитет Гоце Делчев, Штип,
-Стопанска Комора на Македонија,
-Сојуз на стопански комори,
-Стопанска комора на Северо-Западна Македонија,
- Канцеларија на Светска Банка, Скопје
- Канцеларија на ЕБРД, Скопје
-Канцеларија на делегација на Европска Унија, Скопје
-GIZ, Канцеларија Скопје,
-Канцеларија на REC UNIDO,
-Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
-Министерство за европски прашања,
-Министерство за животна средина и просторно планирање,
-Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија,
- Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати,
-Фронт, Скопје
-Аналитика тинк танк, Скопје
-МАЦЕФ, Скопје
-Еко свест, Скопје.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**Агенда за јавна расправа по**

**Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на Националниот план за енергија и клима 2025-2030**

Датум: 09.12.2025

Време: 10:00 часот

Локација: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини] / Онлајн платформа: Microsoft Teams

| | | |
|---|---|---|
| 10.00 – 10.15 | Воведно обраќање | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |
| 10.15 – 11.00 | Преглед на НПЕК<br>• Цели за 2030 година<br>• Секторски мерки | Консултантски тим на ЕИХП |
| 11.00 – 11.45 | Презентација на СЕА | Магдалена Трајковска Трпевска |
| 11.45 – 12.00 | Пауза | |
| 12.00 – 13.00 | Дискусија: коментари и прашања | Сите |
| 13.00 – 13.15 | Заклучоци и следни чекори<br>• Резиме на клучните точки<br>• Следни чекори во процесот | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |